Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 октомври 2024 година

Скопје, октомври 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 октомври 2024 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 11:05 часот.

Со седницата претседаваше Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт.

На седницата учествуваа Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата учествуваше и Ирена Јованова Поповска, претставник од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата учествуваа и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација.

На седницата не учествуваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Горан Минчев, министер за јавна администрација.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Информација во врска со предлог на Меморандум за соработка во полето на гасниот сектор помеѓу Министерството за енергетика и рударство на Република Србија и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на Република Северна Македонија, со усогласен текст на Меморандум

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со предлог на Меморандум за соработка во полето на гасниот сектор помеѓу Министерството за енергетика и рударство на Република Србија и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на Република Северна Македонија, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка во полето на гасниот сектор помеѓу Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на Република Северна Македонија и Министерството за рударство и енергетика на Република Србија.

2. Се овластува Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, да го потпише Меморандумот за соработка во полето на гасниот сектор помеѓу Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на Република Северна Македонија и Министерството за рударство и енергетика на Република Србија.

<u>Точка 2</u>

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 11:10 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

**Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Александар Николоски**